**ХРВАТСКИ ПАРЛАМЕНТ**

Врз основа на член 88 од Уставот на Република Хрватска донесувам

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕ**

Прогласувам дека Законот за оружје е донесен од Хрватскиот парламент на 1 јуни 2007 година.

Класа: 011-01/07-о1/50
Рег.број: 71-05-03/1-07-2
Загреб, 6 јуни 2007 година

Претседател
на Република Хрватска
Стјепан Месиќ, с.р.

# ЗАКОН ЗА ОРУЖЈЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Закон се уредуваат набавување, поседување, носење, собирање, производство, поправање и преработка, промет, превоз на оружје, цивилна заштита, како и испитување и обележување со печат/ жиг на огнено оружје.

Одредбите од овој Закон се применуваат за соодветен начин на промет на муниција на мало.

Одредбите од овој Закон не се применуваат за набавување, поседување, носење, собирање, производство, поправање и преправање, промет на оружје, стрелишта, како и испитување и обележување со печат/жиг на огнено оружје за потребите на Вооружените сили, полицијата, како и на други државни органи и правни лица на Република Хрватска, одредени со посебни прописи.

Одредбите од овој Закон не се применуваат за оружје што се превезува преку територијата на Република Хрватска за потребите на надлежни органи на други држави.

Во овој Закон одредени именки наведени во машки род се користат како неутрални за машки и за женски род.

### Член 2

За сите процедурални прашања кои не се уредени со овој Закон се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка.

Член 3

Оружје, во смисла на овој Закон, е направа изработена или приспособена под притисок на воздух, барутни и други гасови или друго потисно средство да може да исфрла зрно, кугла, сачма или некој друг проектил, односно да распрснува гас или течност, како и други направи наменети за самоодбрана, лов и спорт.
Под оружје, во смисла на овој Закон, се подразбираат и главните делови на оружјето. Главни делови на оружјето се цевка со лежиште за куршуми, цевна навлака, затворач, ракофат со механизам за активирање, како и барабан кај револвер.

Член 4

Во смисла на овој Закон, оружје не се смета: декоративно оружје, имитација на оружје, оружје што е трајно онеспособено за употреба со технички постапки кои се одредени со посебни прописи, оружје наменето за аларм, сигнализација, спасување, усмртување животни, подводни пушки и други предмети кои со сила на федер, затегната гума или компресиран гас исфрлаат копје или харпун кои се користат исклучиво во риболов (подводно оружје), оружје што се користи за индустриски и технички цели, муниција за воздушно оружје и оружје со тетива и лажна муниција.

Член 5

Одделни термини употребени во овој Закон го имаат следното значење:
1) *Автоматско оружје* е оружје кај кое со еднократен притисок на чкрапалото можат да се испукаат повеќе зрна.
2) *Полуавтоматско оружје* е оружје кое по секој испукан куршум повторно е подготвено за испукување и кај кое од цевката со еднократно притискање на чкрапалото може да се испукува само по едно зрно.
3) *Минско-експлозивни средства* се сите видови бомби, мини, гранати и други направи опремени со експлозивна материја или детонатор, кај кои под одредено надворешно или внатрешно дејствување (тежина, удар, потег, триење, хемиска реакција, електрична енергија и сл.), доаѓа до ослободување на енергија и нивно распрснување.
4) *Муниција* е полнење за огнено оружје.
5) *Ладно оружје* се ножеви, ками, мечеви, сабји, бајонети и скакулци чие сечило се наоѓа под притисок на компресирана опруга, а од рачките излегуваат со притискање на копче или рачка на боксер и метални ракети за фрлање, без оглед на должината на оштрицата или скриената оштрица, боксери и други прикриени оружја со скриени оштрици (оружени прачки, оружени чадори и сл.). Ладно оружје се сметаат и предмети погодни за нанесување на повреди кога се носат на јавни места.
6) *Огнено оружје* се сите видови направи од кои под притисок на барутни гасови низ цевката се исфрла зрно, кугла, сачма, стрелички или друг проектил.
7) *Кусо огнено оружје* е оружје чија цевка не е подолга од 30 см или чија вкупна должина не надминува 60 см.
8) *Долго огнено оружје* е оружје чија цевка е подолга од 30 см или чија вкупна должина надминува 60 см.

9) *Оружје со репетирачки механизам* е огнено оружје кај кое по испукувањето на секој куршум е потребно рачно, преку механизам, оружјето да се полни со ставање зрно во цевката.
10) *Оружје за самоодбрана* е кусо и долго огнено оружје со различен калибар. Видот и дозволените калибри ги одредува министерот надлежен за внатрешни работи.
11) *Ловечко оружје* е огнено оружје од Б категорија со кое е дозволен лов на дивеч во согласност со прописите за ловство.
12) *Воздушно оружје* се сите видови пушки, пиштоли, револвери и други направи кои под притисок на силата на воздухот или друг гас исфрлаат низ цевката зрно, кугла, сачма или друг проектил.
13) *Гасно оружје* се пиштоли, револвери, пушки и други направи кои под притисок на енергијата на барутното полнење или компресиран гас, насочено распрснуваат безопасни надразливи материи за онеспособување на лица, а кои имаат краткотрајно дејство на здравјето на луѓето.
14) *Оружје за сигнализација* се пиштоли, револвери, пушки и други направи кои под притисок на енергијата на барутното полнење или компресиран гас, насочено распрснуваат или испукуваат полнење наменето исклучиво за предизвикување гласно испукување и испукување на светлосни сигнални ракети.
15) *Дозволени безопасни материи* се сметаат хемиските состави CN (хлорацетофенон), CS (ортохлорбензенмалон-динитрил) и OC (олеоресин капсикум) во дозволени концентрации.
16) *Оружје со тетива* се лакови, самострели и други направи кои со сила на затегната тетива потиснуваат стрела или друг проектил.
17) *Реплики на оружје* се копии на долго и кусо огнено оружје кои се полнат од устата на цевката со црн барут и се палат со фитил, кремен или каписла.
18) *Електрични парализатори* се рачни направи кои со помош на висок електричен напон привремено онеспособуваат лице.
19) *Минофрлачи* се рачни или самостојни направи наменети да предизвикаат гласно испукување, изработени така што не можат да примат единствено полнење, туку се полнат од устата на цевката со одредено количество црн барут и се палат со осигурувач, кремен и каписла, и се затвораат со средство со мала специфична тежина.
20) *Воено оружје и муниција за тоа оружје* е оружје и муниција што се набавуваат според посебни прописи и чијшто промет со физички лица не е дозволен или е ограничен.
21) *Старинско оружје* е оружје кое има историска вредност, кое претставува составен дел на народна носија, како и воено и полициско оружје кое е дотраено и неупотребливо, оружје кое е составен дел на воени и полициски парадни униформи, оружје произведено пред 1870 година, како и оружје кое се полни од устата на цевката со црн барут, а се пали со кремен, фитил или каписла.
22) *Декоративно оружје* е оружје направено за декоративни цели и кое не може да се употреби или преправи во огнено оружје;
23) *Пренесување на оружје* е преместување на оружје за кое е издаден оружен лист од едно место на друго.
24) *Трговец на оружје* е физичко или правно лице кое има одобрение од Министерството за внатрешни работи за вршење дејност производство на оружје и муниција, поправање и преправање на оружје, промет со оружје и муниција.

25) *Производство на оружје* е изработка на ново оружје од Б и Ц категорија.
26) *Производство на муниција* е изработка на нова муниција.
27) *Промет со оружје* е набавување на оружје заради продажба, сместување и чување на оружје како и негова продажба на мало и големо во Република Хрватска.
28) *Промет со муниција на мало* е продажба на муниција, иницијални каписли за муниција и барут (црн и бездимен), како и пиротехнички средства за забава од II класа во продажен простор кој има потребно одобрение, под услов во тој простор вкупното количество барут, заедно со барутот што се наоѓа во муницијата и капислите или во пиротехничките средства за забава од класа II, да не надминува 20 кг нето-маса на експлозивна материја или 60 кг нето-маса на пиротехничка смеса во Република Хрватска.
29) *Поправање на оружје* е отстранување на дефекти на оружјето и замена или вградување на оригинални делови за оружје.
30) *Преправање оружје* е приспособување на оружјето на друга муниција, замена или вградување на главни делови на оружјето и други постапки на оружјето со кои се влијае на неговото функционирање или на техничките својства.
31) Под *превоз на оружје* се подразбира превоз на оружје наменет за вршење дејност трговија во рамките на државната граница (во понатамошниот текст: внатрешен превоз) и превоз на оружје наменет за вршење дејност трговија преку државната граница (во понатамошниот текст: меѓународен превоз).
32) *Цивилно стрелиште* е објект наменет за спортско-рекреативно гаѓање кој ги исполнува техничките и безбедносните услови за употреба на оружје за самоодбрана, лов и спорт.
33) *Испитување на огнено оружје* е проверување на исправноста и функционирањето на оружјето и исправноста на одделни делови на огненото оружје, како и контрола на издржливоста на цевката и другите соодветни делови под одреден притисок.
34) *Обележување со печат/жиг на огнено оружје* е втиснување на пропишани печати/жигови на одредени делови на огненото оружје за кое со испитување е утврдена исправност.
35) *Онеспособување на огнено оружје* е онеспособување на сите главни делови на оружјето на начин што со нивно отстранување, замена или измена не може да се овозможи негово оспособување.
36) *Лажна муниција* е муниција без остро и смртоносно полнење со кое се постигнува ефект на испукување.
37) Имитација на оружје се предмети кои според надворешниот изглед се слични или еднакви на оружје, но не можат да се употребат или преправат во огнено оружје.

1. *Класификација на оружје*

Член 6

Оружје од А категорија е:
1. воени проектили со експлозивно полнење и фрлачи,
2. автоматско огнено оружје,
3. огнено оружје маскирано во други предмети,

4. муниција со пробивни, експлозивни и запаливи проектили и проектили за таква муниција,
5. муниција за пиштоли и револвери со проектил кој има распрснувачко дејство и куршуми за таква муниција, освен муниција за лов и спортско оружје за лица на кои им е дозволено да го користат,
6. воено оружје,
7. експлозивно оружје и негови делови,
8. посебна опрема во согласност со посебен закон,
9. оружје изработено или преработено без одобрение за промет со оружје, освен оружјето од точка 3, категорија Ц и точка 2 категорија Д,
10. полуавтоматско огнено оружје за цивилна употреба кое е слично на автоматско огнено оружје.

Оружје од Б категорија е:

1. полуавтоматско или репетирачко кусо огнено оружје,
2. еднострелно кусо огнено оружје со централна ударна игла,
3. еднострелно кусо огнено оружје со рабно палење, со вкупна должина до 28 см,
4. полуавтоматско долго огнено оружје со магацин и лежиште за полнење кое може да прими повеќе од три полнења,
5. полуавтоматско долго огнено оружје со магацин и лежиште за полнење за најмногу три полнења, кај кое механизмот за полнење може да се извади или кога не е безбедно дали оружје со таква конструкција може да се преправи со помош на обичен алат во прострелно оружје со едно полнење,
6. репетирачко и полуавтоматско долгоцевно оружје со нежлебена/мазна цевка со должина до 60 сантиметри,
7. репетирачко долгоцевно огнено оружје што не е опфатено во точка 6,
8. долгоцевно огнено оружје со една или повеќе еднострелна жлебени цевки,
9. полуавтоматско долгоцевно огнено оружје што не е опфатено во точките 4 до 6 и точката 10 од категорија А,
10. еднострелно краткоцевно оружје за муниција со рабно палење со вкупна должина над 28 см,
11. еднострелно долгоцевно оружје со една или повеќе нежлебени цевки,
12. старинско оружје.

13) долго еднострелно огнено оружје со комбинација на нежлебени и жлебени цевки;
14) полуавтоматско долго огнено оружје за цивилна употреба кое е слично на автоматско огнено оружје, и што не е опфатено со точката 9 на овој став;

Оружје од Ц категорија е:

1. гасно оружје,
2. репродукција на огнено оружје кај кое не се употребува единствено полнење,
3. минофрлачи

Оружје од Д категорија е:

1. воздушно оружје,
2. оружје со тетива,
3. електрични парализатори,
3. распрснувачи,
5) ладно оружје.

Член 7

Оружјето од член 6 на овој Закон во однос на правата и обврските на сопственикот на оружјето се класифицира во:
1. забрането оружје - оружје од А категорија и ладно оружје чија основна намена е напад или нанесување на повреди, како и ладно оружје кога се носи на јавни места;
2. дозволено оружје за кое е потребно претходно одобрение - оружје од Б категорија,
3. дозволено оружје за кое е потребна пријава во надлежен орган - оружје од Ц категорија,
4. дозволено оружје за кое не е потребно одобрение ниту пријава во надлежен орган - оружје од Д категорија.

## II. ДОКУМЕНТИ ЗА ОРУЖЈЕ

Член 8

Документи, во согласност со овој Закон, се:
1. одобрение за набавување на оружје,
2. одобрение за набавување на муниција,
3. оружен лист за поседување или оружен лист за поседување и носење на оружје,
4. одобрение за собирање на старинско оружје,
5. одобрение за поседување на оружје
6. дозвола за непосредно ракување со огнено оружје,
7. други исправи за оружје издадени врз основа на меѓународни договори.

Член 9.

Барање за издавање на одобрение за набавување на оружје се поднесува на пропишан образец до полициската управа на Министерството за внатрешни работи според местото на живеалиште, односно седиштето на подносителот на барањето (во понатамошниот текст: надлежно тело).

*1. Одобрение за набавување на оружје за физичко лице*

Член 10

Надлежното тело ќе му издаде на физичко лице одобрение за набавување на оружје за оружје од Б категорија доколку исполнува општи и посебни услови.
Општи услови за издавање на одобрение за набавување на оружје на физичко лице се:
1) да има оправдана причина за набавување на оружје,
2) да навршило 21 година,
3) да не е правосилно осудувано за казнени дела против Република Хрватска, за казнени дела против вредности заштитени со меѓународното право, за казнени дела против животот и имотот, казнени дела против општата безбедност на луѓето и имотот

како и казнени дела кои во себе содржат елементи на насилство, а се содржани во казнените дела против имотот, против слободата и правата на човекот и граѓаните, против половата/сексуалната слобода и половиот/сексуалниот морал, против бракот, семејството и младината, против правдата, против јавниот ред, против службената должност, против Вооружените сили на Република Хрватска, против животната средина кои се однесуваат на мачење или убивање животни, или доколку за тоа казнено дело е покрената постапка,
4) да не е правосилно казнето за прекршок, односно да не се води постапка за прекршок од подрачјето на јавниот ред и мир и другите закони во кои се пропишани прекршоци со елементи на насилство, особено за прекршоци од подрачјето на насилство во семејството или му е изречена заштитна мерка заради насилство во семејството,
5) да не постојат други околности кои укажуваат дека оружјето би можело да биде злоупотребено, а особено: почесто и прекумерно уживање алкохол, користење на опојни droги или други опојни средства, конфликти со околината, агресивно и прекумерно однесување, како и други нарушувања во однесувањето, дисциплински повреди на прописите за ловство или спортско стрелаштво и сл.,
6) да има услови за безбедно сместување и чување на оружјето.
Посебни услови за издавање на одобрение за набавување на оружје на физичко лице се:
1) на здравствен преглед да е утврдено дека е здравствено способно за поседување и носење на оружје,
2) да располага со техничко знаење и вештина за правилна употреба на оружје и да ги познава прописите што се однесуваат на поседување или поседување и носење на оружје.
По исклучок од став 2 точка 2 на овој член, одобрение за набавување на оружје може да се издаде на полициски службеници на Министерството за внатрешни работи, припадници на Вооружените сили на Република Хрватска и судската полиција со навршени 18 години, кои според посебни прописи се овластени да поседуваат и носат оружје, на чувари кои според посебни прописи се овластени да поседуваат и носат оружје, членови на спортски стрелачки здруженија кои активно се натпреваруваат во стрелаштво и на лица со положен ловечки испит.

Член 11

Постоењето на условите од член 10 став 3 точка 1 на овој Закон подносителот на барањето го докажува со уверение за здравствена способност.
Уверение за здравствена способност за поседување и носење на оружје издаваат здравствени установи, трговски друштва кои вршат дејност медицина на трудот и специјалисти за медицина на трудот во приватна пракса кои се овластени за вршење на такви здравствени прегледи со претходно добиено мислење од избран лекар за примарна здравствена заштита.
Физичкото лице кому му е издадено уверение од став 2 на овој член е должно секои пет години да се подложува на здравствен преглед заради утврдување на здравствената способност за поседување и носење на оружје.
Уверението за здравствена способност се издава со рок на важење од пет години.

Физичко лице или надлежен орган кој не е задоволен од издаденото уверение за здравствената способност за поседување и носење на оружје може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на примањето на уверението до второстепената здравствена  комисија што ја именува министерот надлежен за здравство. Избраниот лекар за примарна здравствена  заштита, како и секој друг лекар кој има сознанија за промена на здравствената состојба или текот на лекувањето на сопственикот на оружјето, а кои влијаат на здравствената способност за поседување и носење на оружје е должен веднаш по сознанието за таквата промена да го извести надлежниот орган.

Член 12

Постоењето на условите од член 10 став 3 точка 2 на овој Закон подносителот на барањето го докажува:
1) за оружје од Б категорија - со потврда за оспособеност за поседување и носење и правилна употреба на оружје што ја издава надлежен орган на Министерството за внатрешни работи;
2) за ловечко оружје од Б категорија - со ловечка картичка со која се докажува положен ловечки испит и занимавање со лов;
3) за спортско оружје - со членовите на спортско стрелачко здружение кои активно се натпреваруваат во стрелаштво, со писмена потврда од здружението кое води евиденција за членовите на сите хрватски спортски стрелачки здруженија.
Полициските службеници на Министерството за внатрешни работи, припадниците на Вооружените сили на Република Хрватска и судската полиција кои според посебни прописи се овластени да поседуваат и носат оружје, постоењето на посебни услови од член 10 на овој Закон го докажуваат со исправа издадена од надлежното министерство од која е видливо дека се здравствено способни и оспособени за поседување и носење на оружје.
Чуварите кои според посебни прописи се овластени да поседуваат и носат оружје постоењето на посебни услови од член 10 на овој Закон го докажуваат со дозвола за вршење работи на приватна заштита.

Член 13

Физичко лице има оправдана причина за набавување на оружје за самоодбрана доколку докаже дека неговата лична безбедност е загрозена или би можела да биде загрозена во толкава мера што за нејзино осигурување му е потребно оружје, како и доколку поради природата на работата и околностите во кои ја врши постои потреба за набавување на оружје, а со активностите и мерките на институциите за безбедност и со други мерки не би можела да се обезбеди доволна заштита.
Физичко лице има оправдана причина за набавување на ловечко оружје доколку поседува ловечка картичка.
Полицискиот службеник е овластен да бара и да собира податоци и известувања од граѓани заради утврдување на условите од член 10 став 2 точка 5 на овој Закон. За собраните податоци и известувања се составува службена белешка.

Постоењето на условите од член 10 став 2 точка 6 на овој Закон го утврдува полициски службеник со непосредно набљудување во станбен или друг простор каде што се чува оружјето, кое се наоѓа во местото на живеење, односно седиштето на сопственикот или корисникот на оружје, за што составува записник.

Член 14

Од подносителот на барањето кој ги исполнува општите услови од член 10 став 2 на овој Закон надлежниот орган ќе бара во рок од 60 дена да достави докази за исполнување на посебните услови од член 10 став 3 точка 1 и 2 на овој Закон.
Надлежниот орган може да издаде одобрение за набавување на оружје за самоодбрана заради поседување или поседување и носење, а спортско оружје заради поседување, доколку се исполнети општите и посебните услови од член10 на овој Закон.
Надлежниот орган може да издаде одобрение за набавување на ловечко оружје заради поседување и носење доколку се исполнети општите и посебните услови од член 10 на овој Закон.

Член 15

Надлежниот орган ќе одбие барање за издавање на одобрение за набавување на оружје на физичко лице доколку не ги исполнува условите за набавување на оружје пропишани со овој Закон.

*2. Одобрение за набавување на оружје за правно лице*

Член 16

Надлежно тело ќе му издаде на правно лице одобрение за набавување на оружје од Б категорија доколку исполнува следните услови.
1) да има оправдана причина за набавување на оружје,
2) одговорното лице во правното лице да ги исполнува општите и посебните услови од член 10 на овој Закон,
3) да има простор за безбедно сместување и чување на оружјето.
Оправдана причина за набавување на оружје има правно лице кое при надлежен орган е регистрирано за вршење дејност ловство, одгледување дивеч, спортско стрелаштво, водење цивилни стрелишта, за вршење работи на телесна заштита, оспособување на вработените и граѓаните за правилна употреба на огнено оружје, научно истражување за кое е потребно оружје, собирање стручни податоци за животински видови, снимање филмски и прикажување театарски претставиaa, музеи како и аеродроми заради отстрел, плашење и растерување дивеч и слично.
Правно лице има простор за безбедно сместување и чување оружје доколку ги исполнува условите пропишани со посебен пропис.

Член 17

Надлежното тело ќе одбие барање за издавање одобрение за набавување на оружје на правно лице доколку не ги исполнува условите за набавување на оружје пропишани со овој Закон.

Член 18

Правни лица кои се занимаваат со снимање филмски дела, прикажување на театарски претстави или одржување традиционални витешки игри и други приредби кои претставуваат културно наследство, смеат без одобрение да набавуваат, поседуваат и користат ладно оружје, како и оружје од А, Б и Ц категории што е приспособено така што може да испукува само лажна муниција.

Член 19

Одобрение за набавување на оружје за физичко лице и правно лице издава надлежен орган со рок на важење од шест месеци од денот на издавањето.
Одобрението за набавување на оружје и одобрението за набавување на муниција што не е искористено во рокот од став 1 на овој член, физичкото или правното лице ќе го врати на надлежниот орган во рок од осум дена од истекот на рокот на важење.

*3. Оружени листови и одобренија за поседување на оружје*

Член 20

За оружје што е набавено врз основа на одобрение за набавување на оружје, физичкото или правното лице мора да поднесе барање за регистрирање на оружјето до надлежниот орган во рок од осум дена од денот на набавувањето.
За оружјето што е набавено врз основа на одобрение за набавување на оружје, на физичкото лице му се издава оружен лист за поседување и оружен лист за поседување и носење на оружје, а на правното лице му се издава одобрение за поседување на оружје.

Член 21

Оружен лист за поседување или оружен лист за поседување и носење на оружје се издава со рокот на важење на уверението за здравствена способност.
Одобрение за поседување на оружје се издава со рок на важење од десет години.
На барање на подносителот, надлежниот орган ќе го продолжи рокот на важење на оружениот лист од став 1 на овој член за пет години доколку утврди дека се исполнети условите од член 10 став 2 точки 1, 3, 4, 5 и 6 и став 3 точка 1 на овој Закон.
На барање на подносителот, надлежниот орган ќе го продолжи рокот на важење на одобрението од став 2 на овој член за десет години доколку утврди дека се исполнети условите од член 16 на овој Закон.

Член 22

Надлежниот орган ќе одбие да издаде оружен лист за оружје за кое не може да се докаже потеклото, кое пред пуштање во промет не е означено со печат/жиг или обележено во согласност со прописите за тестирање, означување со печат/жиг (жигосување) и обележување на рачно огнено оружје, како и во случај кога во постапката за регистрација се утврди постоење причини за одбивање на барањето за набавување на оружје.

*4. Одобрение за набавување на муниција*

Член 23

Надлежен орган може да издаде одобрение за набавување на муниција на физичко, односно правно лице доколку имаат издаден оружен лист за поседување или поседување и носење на оружје, односно одобрение за поседување на оружје.
Одобрението од став 1 на овој член ќе им се издаде на правни и физички лица кои имаат одобрение за занимавање со дејности за производство на оружје, поправање и преправање на оружје, водење на цивилно стрелиште, на спортски и стрелачки организации кои се запишани во регистарот на здруженија, на правни лица регистрирани за вршење на дејност ловство, како и на правни лица кои имаат одобрение за вршење на дејност заштита на лица и имот.
Надлежниот орган издава одобрение за набавување на муниција доколку подносителот на барањето има оправдана причина за набавување на бараниот вид и количество на муниција.
Одобрение за набавување на муниција на физичко и правно лице издава надлежен орган со рок на важење од шест месеци од денот на издавањето.
Одобрение за набавување на муниција што не е искористено во рокот од став 4 на овој член, физичкото или правното лице ќе го врати на надлежниот орган во рок од осум дена од истекот на рокот на важење.

*5. Одобрение за собирање на старинско оружје*

Член 24

Одобрение за собирање на старинско оружје се издава со траен рок на важење.
Надлежен орган ќе издаде одобрение за собирање на старинско оружје на физичко лице кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани со член 10 на овој Закон.
Надлежниот орган ќе издаде одобрение за собирање на старинско оружје на правно лице кое ги исполнува условите пропишани со член 16 на овој Закон.
Правно или физичко лице смее да собира старинско оружје доколку поседува простор за безбедно сместување и чување на собраното оружје.

Оружјето што се поседува врз основа на одобрение за собирање на старинско оружје не смее да се носи, употребува ниту за него да се набавува, поседува или прави муниција.
Исполнувањето на условите од став 2 на овој член го утврдува комисија во Министерството за внатрешни работи што ја именува министерот за внатрешни работи.
Оружјето собрано врз основа на одобрението од став 1 на овој член смее да се продава или предава само на лица на кои им е издадено одобрение за собирање на старинско оружје.
Оружјето собрано врз основа на одобрение од став 1 на овој член смее да се продава или предава само на лица на кои им е издадено одобрение за собирање на старинско оружје.
Огнено оружје што е онеспособено за употреба не смее да се оспособува.
По исклучок, со старинско оружје музеите можат да собираат и оружје од А категорија од точките 2, 3 и 6 кое веќе не се изработува и кое не го употребуваат вооружените сили или полицијата.
Оружје од А категорија од точките 1, 4, 5 и 7 и муниција музеите можат да собираат под услов да е трајно онеспособено.
За издадените одобренија за собирање на старинско оружје надлежниот орган ќе го извести министерството надлежно за култура.

*6. Оружје со обврска за пријавување*

Член 25

Физички лица постари од 18 години и правни лица смеат без одобрение од надлежен орган за набавуваат и поседуваат оружје од Ц категорија.
Лицата од став 1 на овој член кои набавуваат оружје од Ц категорија се должни да го пријават на надлежниот орган во рок од осум дена од денот на набавувањето.
За пријавеното оружје надлежниот орган ќе издаде потврда.
Овластен трговец на оружје е должен за продажбата на оружје од Ц категорија да го извести надлежното тело во рок од осум дена од денот на продажбата на оружјето.

*7. Права и обврски кои произлегуваат од исправите за оружје*

Член 26

Оружјето не смее да се носи без оружен лист.
За пренесување на оружјето за кое е издадена исправа за оружјето не е потребно одобрение.

Член 27

Оружје смее да се продава или предава само на оној кој има важечко одобрение за набавување на оружје или важечки оружен лист.

Муниција смее да се продава или предава само на оној кој има важечко одобрение за набавување на муниција.
Трговци на оружје кои во согласност со одредбите од овој Закон се овластени за промет со оружје и муниција, должни се за продажбата на оружје што се набавува врз основа на одобрение, а кое според овој Закон може да се набавува врз основа на одобрение за набавување на оружје, да го известат надлежното тело во рок од осум дена од денот на продажбата.
Физички лица кои поседуваат оружје за кое е издадена исправа за оружје, таквото оружје можат трајно да го онеспособат за употреба кај физичко или правно лице кое има одобрение од Министерството за внатрешни работи за вршење дејности на поправање и преправање оружје, за што ќе издаде потврда.
Трошоците за онеспособување оружје се на товар на сопственикот на оружјето.
Сопственикот на оружје е должен да го одјави трајно онеспособеното оружје во надлежниот орган во рок од осум дена од денот на онеспособувањето со поднесена потврда издадена од правно или физичко лице кое има одобрение од Министерството за внатрешни работи за вршење на дејност поправање и преправање на оружје за што ќе издаде потврда заради поништување на исправите за оружје.

## III. ПОСТАПУВАЊЕ СО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

### Член 28

Оружје смее да се продава или предава само на оној кој има важечко одобрение за набавување на оружје или важечки оружен лист.
Муниција смее да се продава или предава само на оној кој има важечко одобрение за набавување на муниција.
Трговците на оружје кои во согласност со одредбите на овој Закон се овластени за промет со оружје и муниција, должни се за продажбата на оружје кое се набавува врз основа на одобрение, а кое според овој Закон може да се набави врз основа на одобрение за набавување на оружје, да го известат надлежниот орган во рок од осум дена од денот на продажбата.
Физички лица кои продаваат оружје за кое е издадена исправа за оружје се должни за продажбата на оружје кое се набавува врз основа на одобрение, а кое според овој Закон може да може да се набави врз основа на одобрение за набавување на оружје, да го известат надлежниот орган во рок од осум дена од денот на продажбата.
Физички и правни лица кои поседуваат оружје за кое е издадена исправа за оружје се должни во случај на продажба на оружјето да го одјават оружјето кај надлежен орган во рок од осум дена од денот на продажбата.
Физички лица кои поседуваат оружје за кое е издадена исправа за оружје можат таквото оружје трајно да го онеспособат за употреба кај физичко или правно лице кое има одобрение од Министерството за внатрешни работи за вршење дејност на поправање и преправање на оружје за што ќе издаде потврда.
Трошоците за онеспособување оружје се на товар на сопственикот на оружјето.
Сопственикот на оружје е должен да го одјави трајно онеспособеното оружје во надлежен орган во рок од осум дена од онеспособувањето со приложена потврда издадена од правно или физичко лице кое има одобрение од Министерството за

внатрешни работи за вршење дејност на поправање и преправање оружје за што ќе издаде потврда заради поништување на исправите за оружје.

Член 29

Граѓаните се должни да се придржуваат на правилата за јавно истакнати забрани за внесување оружје во одредени простори и простории.
Физичко лице не смее да носи оружје кога е под влијание на алкохол, опојни дроги или други опојни средства, односно во таква состојба што не е во можност да го разбере значењето на своите постапки односно да владее со својата волја.
Чувари при вршење работи на приватна заштита смеат да носат оружје во согласност со одредбите на посебен закон.

*1. Чување на оружје и муниција*

Член 30

Оружје и муниција мора да се чуваат така да не се достапни на лице кое не е овластено да го поседува, а особено на деца, заклучени и одвоени во метален ормар, сеф или сличен магацин кој не може да се отвори со алат за вообичаена употреба.
Оружјето и муницијата мора да се чуваат во станбен или друг простор што се наоѓа во местото на живеалиште, односно седиштето на сопственикот или корисникот на оружје и муниција.
По исклучок од став 2 на овој член, физичко лице кому му е издаден оружен лист за поседување на оружје смее да носи такво оружје само заради поправање или преправање, како и за користење на стрелиште, ненаполнето, во соодветни навлаки или ковчези.

Член 31

Сопственик на оружје и муниција кој го напушта местото на живеалиште или престојувалиште за време подолго од една година, а оружјето и муницијата кои според овој Закон ги поседува врз основа на оружен лист не ги носи со себе, е должен да ги предаде на чување на лице кое има оружен лист за поседување или поседување и носење на оружје или на овластен трговец на оружје.
Во случај од став 1 на овој член сопственикот на оружје и муниција е должен за предавањето на оружјето и муницијата на чување на лице кое има право на поседување или поседување и носење на такво оружје да го извести надлежниот орган во рок од осум дена од денот на предавањето.

### *2. Користење на оружје*

Член 32

Сопственикот на оружје е должен оружјето да го одржува во исправна состојба, правилно и внимателно да ракува со него. Забрането е оружјето да се употребува на јавни места каде што може да се загрози безбедноста на граѓаните.
Ловечкото оружје не смее да се употребува надвор од ловиште, цивилни стрелишта или други места одредени за вежбање гаѓање.
Спортско оружје не смее да се употребува надвор од цивилни стрелишта или други места кои се одредени за вежбање гаѓање.
По исклучок од одредбата од став 4 на овој член, воздушно оружје и лак смеат да се употребуваат и на места кои по својата положба или по преземените мерки за осигурување се такви што не може да се загрози безбедноста на граѓаните.
Воздушно оружје како и лак можат да користат и деца постари од 11 години на спортски стрелишта и на други места одредени и уредени за вежби за гаѓање под надзор на тренер кои ги исполнуваат општите и посебните услови од член 10. на овој Закон и условите пропишани со посебен пропис за спорт.
Забрането е да се дава оружје за употреба на деца освен според одредбите на овој Закон.
Кусото и долгото ловечко и долгото спортско оружје од ловиштата односно стрелиштата мора да се пренесува во соодветни навлаки или ковчези ненаполнето, а кусото спортско оружје да биде заклучено во навлаки или ковчези.

### *3. Давање на користење и позајмување на оружје*

Член 33

Правни лица кои поседуваат оружје врз основа на одобрение за поседување на оружје, заради вршење дејности за кои се регистрирани, смеат да го даваат на користење на лица кои ги исполнуваат условите пропишани со овој Закон.
Заради вршење на работи на телесна заштита, одобрение за набавување на дозволено кусо огнено оружје може да се издава на правни лица кои со условите пропишани со овој Закон ги исполнуваат и условите пропишани со посебен закон.
Членови на спортски стрелачки организации кои користат спортско оружје на организација како нејзини членови, за поседување на такво оружје и соодветна муниција мора да имаат потврда од таа организација.

Член 34

Смее да се позајмува само оружје за лов и спорт.
Оружје смее да се позајмува само на лица кои имаат оружен лист за таков вид оружје или одобрение за набавување на таков вид оружје или одобрение за собирање на старинско оружје.
Спортски стрелачки организации кои позајмуваат оружје на своите членови се должни за тоа да издадат потврда.

Забрането е позајмување на воздушно оружје и оружје со тетива на малолетни лица.

*4. Губење, кражба и пронаоѓање на оружје, муниција и исправи за оружје*

Член 35

Физички и правни лица кои поседуваат оружје врз основа на оружен лист за поседување или поседување и носење на оружје, одобрение за поседување на оружје или одобрение за собирање на старинско оружје, се должни веднаш да пријават губење или кражба на тоа оружје и муниција.
Пријавата од став 1 на овој член се поднесува до надлежен орган според местото на настанот или сознанието за губење или кражба на оружјето и муницијата без одлагање.
Физичките и правните лица се должни на сопствен трошок да огласат во службен весник исчезнување на исправи за оружје, освен одобрението за набавување на оружје и муниција.

Член 36

Оној што ќе најде оружје или муниција или дознае за сокриено оружје или муниција е должен за тоа веднаш да ја извести најблиската полициска управа или полициска станица.

*5. Промена на лично име, живеалиште, назив или седиште*

Член 37

Кога физички или правни лица кои поседуваат оружје врз основа на оружен лист за поседување или поседување и носење на оружје, одобрение за поседување на оружје или одобрение за собирање на старинско оружје ќе го променат личното име, живеалиште, називот или седиштето, должни се за тоа да го известат надлежниот орган во рок од 15 дена од денот на таа промена заради запишување на податоците за оружјето и сопственикот на оружјето во службените евиденции на надлежниот орган и исправите за оружје.

## IV. ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА СОПСТВЕНИК НА ОРУЖЈЕ

Член 38

Во случај на смрт на сопственикот на оружјето, полнолетен член на неговото семејство, законски застапник, адвокат, лице кое живеело со него во заедничко домаќинство или лице кај кое се наоѓало оружјето во моментот на смртта, се должни веднаш по сознанието за постоење оружје да го известат надлежниот орган заради предавање на оружјето и муницијата.
За предаденото оружје и муниција од став 1 на овој член надлежниот орган ќе издаде потврда.

Во рок од 60 дена од денот на правосилноста на решението за наследување, наследникот на оружјето е должен:
1. да го продаде оружјето или
2. да поднесе барање за регистрирање на оружјето или
3. да даде да се онеспособи оружјето како и да го задржи или
4. да го предаде оружјето во корист на Република Хрватска без надомест.
По исклучок од став 3 на овој член, оружјето и муницијата на малолетен наследник ќе се чува кај надлежниот орган додека не наврши 21 година.
Наследникот на оружје со навршена 21 година е должен со оружјето да постапува на начин пропишан со став 3 точки 1-4 од овој член.

Член 39

Наследникот на оружјето кој го продава оружје е должен да го одјави кај надлежен орган во рок од осум дена од денот на продажбата.

Член 40

На наследникот на оружјето кој сака да поднесе барање за регистрирање на наследеното оружје надлежниот орган ќе му издаде оружен лист доколку ги исполнува општите и посебните услови од член 10 на овој Закон.

Член 41.

Оружјето кое неговиот наследник сака да го задржи како спомен мора трајно да се онеспособи за употреба.
Трајно да го онеспособи може физичко или правно лице кое има одобрение од Министерството за внатрешни работи за вршење дејност на поправање и преправање оружје, за што ќе издаде потврда.
Трошоците за онеспособување на оружје се на товар на подносителот на барањето.
Наследникот на оружјето е должен да го одјави трајно онеспособеното оружје кај надлежен орган во рок од осум дена од денот на онеспособување со приложување потврда издадена од правно или физичко лице од став 2 на овој член.

Член 42

Оружјето кое наследникот го предал во корист на Република Хрватска без надомест ќе се одјави послужбена должност.

Член 43

Доколку во рок од 60 дена од денот на правосилноста на решението за наследување наследникот на оружје не постапи во согласност со член 38 став 3 точки 1- 4 на овој Закон, надлежниот орган ќе ги одземе оружјето и муницијата и со нив ќе постапува на начин пропишан со член 50 и 51 на овој Закон.

## V. ОДЗЕМАЊЕ НА ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ИСПРАВИ ЗА ОРУЖЈЕ

### Член 44

Надлежен орган ќе одземе оружје, муниција, одобрение за набавување на оружје, оружен лист, одобрение за собирање на старинско оружје од физичко лице кое ќе престане да исполнува некои од условите од член 10 став 2 точки 1, 3, 4, 5 и 6 на овој Закон или условот од член 10 став 3 точка 1 на овој Закон.
По исклучок од став 1 на овој член, во случај на престанок на општиот услов од член 10 став 2 точка 1 на овој Закон, на физички лица може да им се одземе оружен лист за поседување и носење на оружје и да им се издаде оружен лис за поседување на оружје.

### Член 45

Надлежен орган ќе упати на вонреден здравствен преглед сопственик на оружје за кој оправдано се сомнева дека повеќе не е здравствено способен за поседување и носење на оружје.
Сопственикот на оружје од став 1 на овој член е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на решение за упатување на вонреден здравствен преглед да му достави на надлежниот орган уверение за здравствената способност за поседување и носење на оружје.
Трошоците за здравствен преглед на сопственикот на оружје од став 1 на овој член кој е прогласен за здравствено способен за поседување и носење на оружје се на товар на надлежниот орган кој го упатил на здравствен преглед.
Сопственикот на оружје од став 1 на овој член за кој на вонредниот здравствен преглед ќе се утврди дека не е здравствено способен за поседување и носење на оружје сам се на товар на трошоците за вонредниот здравствен преглед.
Надлежен орган ќе му ги одземе оружјето, муницијата, оружениот лист и одобрението за собирање на старинско оружје на сопственикот на оружје кој на вонредниот здравствен преглед е оценет неспособен за поседување и носење на оружје или кој нема да достави уверение за здравствената способност за поседување и носење на оружје во рокот од став 2 на овој член.

### Член 46

Надлежниот орган ќе му ги одземе оружјето, муницијата, одобрението за набавување на оружје, одобрението за собирање на старинско оружје и одобрението за поседување и носење на оружје на правно лице доколку престане да постои некој од условите од член 16 став 1 на овој Закон.

### Член 47

Решение за одземање оружје, муниција, одобрение за набавување на оружје, оружен лист, одобрение за собирање на старинско оружје и одобрение за поседување на оружје донесува надлежниот орган.

Жалба против решението од став 1 на овој член се поднесува до комисијата за решавање жалби на Министерството за внатрешни работи во второстепена постапка.
Жалбата против решението од став 1 на овој член не го одложува извршувањето.

Член 48

Оружјето, муницијата, одобрението за набавување на оружје, оружениот лист, одобрението за собирање на старинско оружје и одобрението за поседување на оружје ќе се одземат веднаш и пред завршувањето на управната, прекршочната и казнената постапка доколку се работи за околности кои укажуваат дека оружјето би можело да биде злоупотребено, о особено почесто и прекумерно уживање алкохол, користење опојни дроги или други опојни средства, нарушени семејни односи како и преземање итни мерки заради заштита од насилство во семејството или заради заштита на јавниот поредок, кои не можат да се одложуваат, а фактите на кои треба да се засновува решението се утврдени или барем се направени веројатни.
За привремено одземеното оружје, муниција, одобрение за набавување на оружје, оружен лист, одобрение за собирање на старинско оружје и одобрение за поседување на оружје надлежниот орган ќе издаде потврда.

Член 49

Одземените оружје и му од член 48 на овој Закон се чуваат кај надлежниот орган каде што се води постапката за одземање на оружје.

Член 50

Оружјето и муницијата одземени во управна постапка сопственикот може да ги продаде или подари на физичко или правно лице кое ги исполнува условите пропишани со овој Закон во рок од шест месеци од правосилноста на решението за одземање оружје и муниција.
Доколку сопственикот на одземеното оружје и муниција не ги продаде оружјето и муницијата во рокот од став 1 на овој Закон, надлежниот орган ќе ги предаде оружјето и муницијата на овластен трговец за оружје заради продажба.
Оружјето и муницијата од став 2 на овој член можат да бидат изложени на продажба најмногу шест месеци од денот на нивното предавање на овластен трговец на оружје.
За продадените оружје и муниција на сопственикот на оружјето и муницијата му следува надомест во износ што го договорил со овластениот трговец на оружје.
Доколку овластениот трговец на оружје не ги продаде оружјето и муницијата во рокот од став 3. на овој член, во рок од осум дена ќе му ги врати на надлежниот орган.

Член 51

Оружјето и муницијата одземени во управна постапка што нема да биде продадено после една година од правосилноста на решението за одземање, сопственикот на оружјето може да го онеспособи и да го задржи како спомен или да го предаде во корист на Република Хрватска.

Оружјето и муницијата одземени во правосилно решена казнена или прекршочна постапка надлежниот орган ќе му го достави на Министерството за внатрешни работи на натамошно располагање.
За начинот на располагање со оружје и муниција од став 1 и 2 на овој член одлучува комисијата на Министерството за внатрешни работи што ја именува министерот за внатрешни работи.
За оружјето и муницијата од став 1 и 2 на овој член на сопственикот не му следува надомест.

## VI. ОДРЕДБИ ЗА СТРАНЦИ

### Член 52

Да поседуваат и носат оружје според одредбите на овој Закон можат само странци кои во Република Хрватска престојуваат врз основа на работна дозвола или одобрение за постојан престој и ги исполнуваат условите од член 10 став 2 точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 и став 3 на овој Закон, доколку не е поинаку определено со овој Закон.

## VII. ВНЕСУВАЊЕ И ИЗНЕСУВАЊЕ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

### Член 53

Хрватски државјани можат преку државната граница да ги пренесуваат оние видови оружје кои можат да се набавуваат, поседуваат и носат според овој Закон.
За целите на лов и одржување спортски натпревари странците можат преку државната граница да ги пренесуваат само оние видови оружје кои можат да се набавуваат поседуваат и носат според овој Закон.
Оружје и муниција можат да се пренесуваат преку државната граница само на меѓународни гранични премини освен ако не е поинаку определено со меѓународен договор.

### Член 54

При преминување на државната граница, хрватските државјани се должни да го пријават оружјето на граничната полиција.
Граничната полиција привремено ќе му ги одземе оружјето и муницијата на хрватски државјанин или странец кој при преминување на државната граница не ги пријавува оружјето и муницијата и ги чува до завршување на постапката.

### Член 55

Хрватски државјанин и правно лице со седиште во Република Хрватска можат да внесат оружје во земјата врз основа на одобрение од недлежен орган.
Врз основа на одобрението од став 1 на овој член граничната полиција го потврдува внесувањето оружје и муниција и за тоа го известува надлежниот орган.

Оружјето и муницијата кои според одредбите на овој Закон можат да се набават без одобрение можат да се внесат во Република Хрватска под услов граничната полиција врз основа на соодветна исправа за набавување на оружје и муниција (сметка и сл.) да го потврди внесувањето оружје и муниција и за тоа да го извести надлежниот орган.
Сопственикот на оружје е должен во рок од осум дена од внесување на оружјето во Република Хрватска кај надлежното тело да поднесе барање за регистрирање на оружјето.
Доколку за оружјето и муницијата од став 1. на овој член хрватскиот државјанин со одобрен престој во странство нема одобрение од надлежен орган, истото ќе се одземе и на негов трошок ќе се достави на надлежниот орган според местото на живеалиште односно според последното живеалиште пред заминувањето на постојан престој во странство.
Доколку хрватски државјанин со престој во странство не побара издавање исправа за набавување на оружје и муниција или доколку надлежното тело го одбие барањето за набавување на оружје и муниција, ќе се одреди рок од 30 дена за враќање на оружјето и муницијата во странство.
Доколку во рокот одреден во актот на надлежниот орган од став 6 на овој член хрватски државјанин со престој во странство не ги врати оружјето и муницијата во странство, тоа ќе се предаде на овластен трговец заради продажба.
Оружјето и муницијата можат да бидат изложени за продажба најмногу шест месеци од денот на предавање на овластен трговец на оружје.
Паричниот износ добиен од продажбата на оружјето од став 7 на овој член намален за трошоците за продажба ќе му се врачи на сопственикот на оружјето и муницијата.
Со оружјето и муницијата што нема да бидат продадени ниту после шест месеци, ќе се постапува согласно со одредбите од член 51 став 3 и 4 на овој Закон.

Член 56

Хрватски државјанин со живеалиште во странство кој нема одобрение од надлежен орган за набавување на оружје, заради лов може да внесува ловечко оружје и придружна муниција доколку тоа оружје и муниција се запишани во патната исправа.
Запишување на оружје и муниција од став 1 во патна исправа врши дипломатската мисија односно конзуларното претставништво на Република Хрватска доколку хрватскиот државјанин според прописите на државата во која живее поседува одобрение за носење на тоа оружје.
Доколку оружјето и придружната муниција од став 1 на овој член не е запишано во патната исправа, граничната полиција ќе издаде одобрение за внесување доколку хрватскиот државјани според прописите на државата во која живее поседува одобрение за носење на тоа оружје.
На излегување од земјата граничната полиција ќе го одземе одобрението за внесување од став 3 на овој член.

Член 57

Хрватски државјанин може да изнесува од Република Хрватска оружје и придружна муниција врз основа на оружен лист, потврда за пријавено оружје или одобрение за набавување на оружје.

Член 58

Странец кој престојува во Република Хрватска врз основа на работна дозвола или одобрение за постојан престој може да внесува и изнесува оружје и придружна муниција под истите услови како и хрватски државјанин со живеалиште во Република Хрватска.

Член 59

Странец кој е во транзит и кој доаѓа во Република Хрватска заради лов може преку државната граница да пренесува оружје и придружна муниција доколку му се запишани во патната исправа.

Запишување оружје и муниција во патната исправа од став 1 на овој член врши дипломатската мисија, односно конзуларното претставништво на Република Хрватска доколку странецот според прописите на државата во која живее поседува одобрение за носење на тоа оружје.

Доколку оружјето и муницијата не се запишани во патната исправа, граничната полиција ќе издаде одобрение за внесување на оружјето доколку странецот поседува одобрение за носење на тоа оружје според прописите на државата во која има живеалиште.

Член 60

Странец може да набавува оружје и придружна муниција кои ќе ги изнесува од Република Хрватска доколку има одобрение од надлежен орган издадено во Република Хрватска или во странство.

Овластен трговец на оружје или граѓанин кој продава оружје на странец е должен оружјето односно муницијата да ги достави до државната граница и да го предаде на странецот во присуство на полициски службеник на граничната полиција.

Член 61

Членовите на странски стрелачки организации можат преку државната граница да пренесуваат спортско оружје и муниција за тоа оружје заради учество на спортски натпревари во Република Хрватска според одредбите на член 59 на овој Закон.

## VII. СУПСИДИЈАРНА ПРИМЕНА НА ДРУГИ ПРОПИСИ

### *1. Внесување на оружје*

Член 62

Државјани на членки на Европската Унија смеат да внесуваат оружје во Република Хрватска што е запишано во европската оружена пропусница, а претходно неговото внесување го одобрило надлежен орган.
Барање за издавање одобрение за внесување оружје во Република Хрватска од став 1 на овој член може да се поднесе и во дипломатските мисии и конзуларните претставништва на Република Хрватска според местото на живеалиште на државјанинот на Европската Унија од став 1 на овој член.
Одобрение за внесување оружје во Република Хрватска се издава со рок на важење од една година.
Одобрението за внесување оружје во Република Хрватска може да се продолжи за една година.
Одобрение за внесување оружје во Република Хрватска нема да се издаде доколку постојат причини за јавниот ред, безбедноста на луѓето и имотот или безбедноста на државата.
Одобрение за внесување оружје во Република Хрватска не се издава доколку оружјето е регистрирано во европската оружена пропусница:
- на ловци до три парчиња оружје и 500 парчиња муниција за секое оружје,
- на спортски стрелци до три парчиња спортско оружје и 500 парчиња муниција за секое оружје.

### *2. Носење и пренесување на оружје*

Член 63

Оружјето што е запишано во европската оружена пропусница државјаните на членките на Европската Унија можат да го носат и пренесуваат преку подрачјето на Република Хрватска во согласност со ратификувани меѓународни договори и овој Закон.
На барање на странец, на државјанин на членка на Европската Унија кој има работна дозвола или одобрение за постојан престој на подрачјето на Република Хрватска надлежниот орган ќе му издаде европска оружена пропусница под услов за бараното оружје веќе да има оружен лист издаден во согласност со одредбите на овој Закон.
За одземање и запленување оружје, исправите за оружје и европската оружена пропусница се применуваат одредбите на овој Закон.

### *3. Изнесување на оружје*

Член 64

Надлежен орган ќе му издаде одобрение за изнесување на оружје од Република Хрватска во држава-членка на Европската Унија на физичко лице кое има соодветна

исправа за оружје според овој Закон и за која за внесување оружје во држави членки на Европската Унија дал претходна согласност доколку е потребна.
Одобрение за превоз на оружје на странски трговец на оружје издава Министерството за внатрешни работи.
Одобрение за превоз на оружје од став 2 на овој член ќе се издаде доколку странскиот трговец на оружје поседува одобрение за изнесување оружје.
Одобрение за изнесување оружје на странски трговец издава министерството надлежно за трговија.
Одобрение од став 1 и 2 на овој член нема да се издаде доколку физичкото лице не ги исполнува условите од член 10 на овој Закон.
Одобрение од став 1 и 2 на овој член нема да се издаде доколку странскиот трговец на оружје не ги исполнува условите од член 10 став 2 точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој Закон.

### Член 65

Странец и одговорно лице во правно лице со седиште во друга држава на Европската Унија е должен, на барање на надлежен орган и царински орган да ги приложи исправите со кои го докажува своето право на внесување, носење и изнесување оружје.

## X. ПРОИЗВОДСТВО НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

### Член 66

Со производство на оружје можат да се занимаваат трговски друштва кои пред запишувањето во судскиот регистар на судот добиваат одобрение од Министерството за внатрешни работи за вршење дејност производство на оружје.
Со производство на муниција можат да се занимаваат трговски друштва и занаети под услови утврдени со прописите за производство на експлозивни материи.
Под производство на муниција не се смета полнење на зрна за сопствени потреби во ловство и спортско стрелаштво.

### Член 67

Одобрение за вршење дејност производство на оружје ќе се издаде доколку лицето задолжено за водење трговско друштво ги исполнува општите и посебните услови од член 10 на овој Закон.
Барање за издавање одобрение за производство на оружје ќе се одбие доколку лицето задолжено за водење трговско друштво не е хрватски државјанин или ако нема живеалиште на подрачјето на Република Хрватска или е странец кој во Република Хрватска не престојува врз основа на работна дозвола или одобрение за постојан престој.

Член 68

За запишување на наведената дејност во судскиот регистар на трговскиот суд, трговските друштва од член 66 став 1 на овој Закон мора да го известат надлежниот орган во рок од осум дена.

Член 69

Трговско друштво од член 66 став 1 на овој Закон не смее да започне со работа пред комисијата на надлежна полициска управа да утврди:
1) дека трговското друштво има право на сопственост или право на користење работен простор во кој ќе врши производство на оружје,
2) дека работниот простор во кој ќе врши производство на оружје е уреден во согласност со прописите за посебни просторни и технички услови за безбедно производство и сместување оружје како и заштита од пожар, кражба и други незгоди или злоупотреби.
Трговското друштво од член 66 став 1 на овој Закон е должно во рок од една година од денот на издавање одобрение за вршење дејност производство на оружје да побара од комисијата од став 1 на овој член да го утврди постоењето на условите од став 1 на овој член.
Одобрението за вршење дејност производство на оружје престанува да важи доколку производството на оружје не започнало во рок од една година од денот на издавање на одобрението или ако таа дејност не се вршела најмалку една година од денот на исполнување на условите за почеток на вршење на таа дејност.

Член 70

Со оружје и производство не смеат непосредно да ракуваат лица кои не ги исполнуваат општите и посебните услови од член 10 на овој Закон.
Надлежниот орган ќе му издаде на лицето од став 1 на овој член дозвола за непосредно ракување со оружје.
Просториите во кои се сместува произведеното оружје мора да бидат осигурани од пристап на неовластени лица со постојано физичко-техничко осигурување.

Член 71

Пред да се пушти во промет, произведеното оружје мора да биде означено со печат/жиг или да биде обележено во согласност со прописите за тестирање и жигосување на огнено оружје.
За секое произведено оружје, производителот на оружје е должен во рок од 15 дена од денот на производството да достави отисок (механичка трага) до Министерството за внатрешни работи заради внесување на отисокот во пропишаната евиденција.
Заради тестирање на ефектот на произведеното оружје, трговските друштва кои се регистрирани за вршење таква дејност можат да ги набавуваат и поседуваат потребните видови и количества муниција.

## X. ПРОМЕТ СО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА

### Член 72

Со промет на оружје и муниција на мало можат да се занимаваат трговски друштва и занаети кои пред запишувањето во судскиот односно занаетчискиот регистар добиваат одобрение од Министерството за внатрешни работи.

Одредбите од членовите 66, 67, 68, 69, 70 став 1 и 2 и член 71 на овој Закон се применуваат за соодветниот начин на промет со оружје и муниција.

Магацините во кои се сместува и чуваат оружјето и муницијата наменет за промет на големо мора да ги исполнуваат условите кои со закон и прописи донесени врз основа на закон се утврдени за сместување и чување експлозивни материи.

## XI. ПОПРАВАЊЕ И ПРЕПРАВАЊЕ ОРУЖЈЕ

### Член 73

Со поправање и преправање оружје можат да се занимаваат трговски друштва и занаети кои пред запишувањето во судскиот односно занаетчискиот регистар добиваат одобрение од Министерството за внатрешни работи.

Одредбите од членовите 66, 67, 68, 69, 70 ставови 1 и 2 и член 71 на овој Закон се применуваат за соодветниот начин за поправање и преправање оружје.

### Член 74

Преправеното оружје подлежи на задолжително тестирање.

Трговските друштва и занаетите кои се регистрирани за поправање и преправање оружје смеат да примаат за поправање и преправање само регистрирано оружје.

За преправките на оружје трговското друштво, односно занаетот кој е регистриран за вршење таква дејност мора да го извести надлежниот орган во рок од осум дена од денот на преправката.

### Член 75

Оружје што е примено заради поправање и преправање не смее да се изнесува од просториите одредени за работа до неговото предавање на сопственикот.

По исклучок, оружјето што е примено заради поправање и преправање смее да се изнесува од просториите одредени за работа до неговото предавање на сопственикот доколку тоа е потребно заради поправање, преправање или тестирање на оружјето.

Заради тестирање на ефектот на преправеното оружје трговските друштва и занаетите кои се регистрирани за вршење таква дејност можат да ги набавуваат и поседуваат потребните видови и количества муниција.

## XII. ПРЕВОЗ НА ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА ЗАРАДИ ПРОМЕТ

### Член 76

Превоз на оружје наменето за промет се врши врз основа на одобрение.
Одобрение за превоз на оружје наменето за внатрешен промет издава полициската управа од чие подрачје започнува превозот, а за наменетото за меѓународен превоз Министерството за внатрешни работи.
Одобрение за превоз на оружје не е потребно за оружје од Д категорија.
Оружје и муниција можат да се превезуваат преку државна граница само на меѓународните гранични премини освен ако не е поинаку определено со меѓународни договори.

### Член 77

Со барањето за издавање одобрение за превоз на оружје од член 76 став 1 и 2 на овој Закон се приложуваат:
1) назив и адреса на испраќачот,
2) назив и адреса на примачот,
3) назив и адреса на производителот на оружје,
4) вид, марка, модел, фабрички број, калибар, количество и начин на пакување на оружјето,
5) ознака за видот, ознака на превозното средство, име и презиме на возачот и придружбата како и број на патна исправа,
6) датум и приближен саат на почеток на превозот, правец на движење и одредиште,
7) назив на влезниот и излезниот граничен премин и време кога оружјето ќе се превезува преку граничниот премин,
8) мерки за безбедност за време на превозот на оружјето,
9) увозна и извозна дозвола од министерството надлежно за трговија кога се работи за увоз или извоз на оружје.
Органот надлежен за издавање одобрение за превоз на оружје може по потреба да нареди преземање и други мерки за безбедност при превоз на оружје (правец на движење, придружба на испраќачот или превозникот, придружба од полиција и др.).

### Член 78

За превоз на муниција соодветно се применуваат прописите за превоз на експлозивни материи.

## XIII. ЦИВИЛНИ СТРЕЛИШТА

### Член 79

Цивилни стрелишта за вршење спортски активности (во понатамошниот текст: цивилни стрелишта) можат да основаат правни и физички лица под услови утврдени со закон,

откако за вршење на такви дејности ќе добијат одобрение од Министерството за внатрешни работи.
Одредбите од членовите 66, 67, 68, 69, 70 став 1 и 2 и член 71 на овој Закон се применуваат за соодветниот начин и за цивилни стрелишта.
Одредбите од овој Закон не се применуваат на ловечки стрелишта кои правните лица регистрирани за вршење дејност ловство во рамките на ловиштата ги употребуваат за гаѓање испробување на ловечкото оружје на своите членови според прописите за ловство.

Член 80

Со огнено оружје на цивилни стрелишта можат да гаѓаат само физички лица кои според законот се овластени да поседуваат такво оружје.
По исклучок, со огнено оружје на цивилно стрелиште смеат да гаѓаат и малолетници доколку активно се занимаваат со спортско стрелаштво под надзор на тренер кој ги исполнува општите и посебните услови од член 10 на овој Закон и условите пропишани со посебен пропис за спортот.
Со оружје и муниција на цивилни стрелишта не смеат да ракуваат ниту непосредно да управуваат со цивилно стрелиште лица кои не ги исполнуваат општите и посебните услови од член 10 на овој Закон.

Член 81

Правни и физички лица од член 79 став 1 на овој Закон можат да ги набавуваат потребните количества оружје и муниција заради гаѓање на стрелиштето.
Муницијата за која правни и физички лица од став 1 на овој член не поседуваат оружје и одобрение за поседување на оружје може да се набави врз основа на одобрение на надлежниот орган.

## XIV. ИСПИТУВАЊЕ И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ СО ЖИГ

Член 82

Испитување и обележување огнено оружје со жиг (жигосување) врши производителот на оружје за надзор над овие дејства врши Министерството за внатрешни работи.

Член 83

Огненото оружје произведено на подрачјето на Република Хрватска пред да се пушти во промет подлежи на испитување и обележување со посебно пропишан државен печат/ жиг според одредбите на овој Закон.
На испитување и жигосување пред пуштање во промет подлежи и огнено оружје кај кое со преправка е заменет или изменет негов главен дел.
Произведеното оружје мора да биде испитано и означено со единствена ознака која содржи име на производителот, назив на земјата во која се произведува и сериски број.

Одредбите од овој Закон што се однесуваат на испитување и обележување на огнено оружје со посебно пропишан државен печат/ жиг не се применуваат за огнено оружје:
1. што е увезено или се увезува или внесува од странство ако во странство е испитано и жигосано,
2. што се увезува од странство исклучиво за истражувачки цели,
3. што се превезува преку подрачјето на Република Хрватска,
4. старинско оружје.

Член 84

За секое оружје што е увезено во Република Хрватска, заради продажба, увозникот е должен во рок од 15 дена од денот на увозот да достави отисок (механичка трага) до Министерството за внатрешни работи заради внесување на отисокот во пропишана евиденција.

Член 85

Огненото оружје што не е испитано и обележено не може да се пушта во промет.
Физички и правни лица кои имаат регистрирано оружје на подрачјето на Република Хрватска се должни да му овозможат на Министерството за внатрешни работи земање отисоци од оружје (механичка трага) заради внесување на стисоците во пропишана евиденција.
За земање отисоци од оружје на физички и правни лица од став 2 на овој член не се наплатува надомест.
Оружјето на физички и правни лица од кое поради техничка неисправност не можело да се земе отисок (механичка трага), сопственикот може трајно да го онеспособи на свој трошок.
Со оружјето кое сопственикот од став 3 на овој член нема трајно да го онеспособи ќе се постапува на начин пропишан со член 22 на овој Закон.

Член 86

Трошоците за испитување и обележување на огнено оружје се на товар на производителот, односно увозникот на оружјето. Земање отисоци од оружје на физички и правни лица од член 84 на овој Закон врши Министерството за внатрешни работи без надомест.

XV. НАДЗОР

Член 87

Инспектори за внатрешни работи вршат непосреден надзор над работата на правни и физички лица на кои им е издадено одобрение за вршење дејност производство, промет, поправање и преправање оружје, сместување, поседување, носење и чување оружје и муниција, употреба на цивилни стрелишта како и водење пропишани евиденции.

Член 88

При вршење надзор над работата на правни и физички лица на кои им е издадено одобрение за вршење дејност производство, промет, поправање и преправање оружје, сместување, поседување, носење и чување оружје и муниција, употреба на цивилни стрелишта, инспекторите од член 87 на овој Закон се овластени:

1) да ги прегледуваат магацините за оружје и муниција, цивилните стрелишта и другите простории каде што се произведува, поправа или преправа, врши промет и се чува оружје и муниција, да врши преглед на пропишаните евиденции и останатата документација поврзана со производство, поправање и преправање, промет со оружје, чување оружје и муниција и водење цивилни стрелишта,

2) привремено да забранат вршење дејност производство, поправање и преправање, употреба на цивилни стрелишта и да наредат утврдените неправилности да се отстранат во рокот што ќе го одредат,

3) да забранат натамошно занимавање со производство, промет, поправање или преправање оружје, употреба на цивилни стрелишта доколку утврдат дека при вршење на тие дејности се направени потешки пропусти во преземањето заштитни или други безбедносни мерки или други потешко казниви дејствија, доколку престанал да постои некои од условите под кои е издадено одобрението, или ако не се постапи по налог на надлежниот орган,

4) да одземат дозвола за непосредно ракување со огнено оружје на лице кое повеќе не г исполнува условите од член 10 став 2 точки 1, 3, 4 и 5 на овој Закон и член 10 став 3 точка 1,

5) да наредат преземање и други пропишани мерки.

## XVI. ЕВИДЕНЦИИ

Член 89

Заради контрола на набавување, регистрирање и движење на оружјето, надлежниот орган води евиденции за издадените одобренија за набавување на оружје, издадените одобренија за набавување на муниција, издадените оружени листови, издадените одобренија за собирање на старинско оружје, издадените одобренија за поседување на оружје, издадените дозволи за непосредно ракување со огнено оружје, за одземеното, најденото и предаденото оружје и муниција, издадените одобренија за превоз на оружје, издадените одобренија за поседување и носење ловечко и спортско оружје за време на престојот во Република Хрватска, за издадените одобренија за пренос на оружје и муниција на граничниот премин како и за исправите за оружје и муниција издадени врз основа на меѓународни договори.

Министерството за внатрешни работи води евиденции за издадени одобренија за производство на оружје, промет со оружје, поправање и преправање оружје, превоз на оружје и муниција и основање и водење цивилни стрелишта.

Личните податоци содржани во евиденциите од овој член се собираат, чуваат и обработуваат во согласност со одредбите на прописите со кои се уредува заштита на личните податоци.

Член 90

Спортски стрелачки организации и правни лица регистрирани за вршење дејност ловство како и други правни лица кое набавиле оружје и муниција заради вршење на својата дејност се должни за тоа оружје и муниција кои го даваат на користење да водат евиденција.
Евиденција се должни да водат трговски друштва овластени за:
- производство на оружје за произведено и испорачано оружје како и за испитување и жигосување огнено оружје.
Евиденција се должни да водат трговски друштва и занаети овластени за:
- промет со оружје и муниција за набавено и продадено оружје и муниција;
- поправање и преправање оружје за поправено и преправено оружје;
- водење цивилни стрелишта за набавено оружје и за оружје отстапено на користење како и за набавена и потрошена муниција.
Правните и физичките лица на кои им е издадено одобрение за собирање на старинско оружје се должни да водат евиденција за собраното оружје.
Евиденциите од став 2, 3 и 4 на овој член се чуваат трајно, а во случај на смрт на физичкото лице, односно престанок на постоење на трговското друштво или занаетот, евиденциите се предаваат на надлежниот орган.

## XVII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 91

Со парична казна/глоба од 10.000,00 до 100.000,00 куни или казна затвор до 60 дена ќе се казни за прекршок физичко лице кое неовластено ќе набави, поседува, носи, изработи, размени или отстапи на друг оружје кое со овој Закон е забрането.
Со парична казна/глоба од 5.000,00 до 50.000,00 куни или казна затвор до 45 дена ќе се казни за прекршок физичко лице кое:
1. без одобрение набавува, држи или носи оружје за чиешто набавување е потребно одобрение (член 10),
2. го дава оружјето на употреба на деца (член 32 став 7),
Со парична казна/глоба од 50.000,00 до 500.000,00 куни ќе се казни правно лице кое неовластено ќе набави, поседува, изработи, продаде, размени или отстапи на друг оружје или муниција кое е забрането со овој Закон.
За прекршоците од став 2 на овој член со парична казна од 10.000,00 до 100.000,00 куни ќе се казни и одговорно лице во правно лице.
За прекршоците од став 3 на овој член со паричната казна се изрекува и заштитна мерка забрана за вршење дејност на производство, промет, поправање и преправање оружје и водење цивилно стрелиште, доколку вршењето таква дејност е одобрено со овој Закон.
За прекршоците од став 1, 2 и 3 на овој член, освен предвидената казна се изрекува и заштитна мерка одземање оружје и муниција.

Член 92

Со парична казна/глоба од 3.000,00 до 15.000,00 куни или казна затвор до 30 дена ќе се казни са прекршок физичко лице:

1) избран лекар во примарна здравствена заштита како и секој друг лекар кој веднаш не го известува надлежниот орган за промена на здравствената состојба или текот на лечењето на сопственикот на оружје а кое влијае на здравствената способност за држење и носење на оружје (член 11 став 6),

2) доколку неовластено набавува, поседува, носи, изработува, продава, разменува или отстапува на друг муниција што е забрането со овој Закон,

3) доколку не пристапува на здравствен преглед секои пет години (член 11 став 3),

4) доколку не му допушти на полициски службеник да утврди постоење услови за безбедно сместување и чување оружје (член 13 став 4),

5) доколку во пропишаниот рок не поднесе барање за регистрирање оружје (член 20 став 1),

6) доколку набавува муниција без одобрение од надлежен орган (член 20 став 1),

7) доколку собира и држи старинско оружје без одобрение (член 24 став 2),

8) доколку старинското оружје и оружјето што се поседува врз основа на одобрение за собирање старинско оружје се носи, употребува како оружје или за него се набавува, поседува или прави муниција (член 24 став 5),

9) доколку оружјето од член 24 став 1 на овој Закон се продава или предава на лице кое нема одобрение за собирање на старинско оружје (член 24 став 7),

10) доколку онеспособено оружје се оспособува за употреба (член 24 став 8),

11) доколку продава или предава оружје и муниција некому кој нема важечко одобрение за набавување на оружје или важечки оружен лист (член 27 став 1),

12) доколку во пропишаниот рок не го извести надлежното тело за трајно онеспособување на оружје заради поништување на исправите за оружје (член 27 став 8),

13) доколку постапува спротивно на одредбата на член 28 став 2 на овој Закон,

14) доколку не се придржува на правилата за јавно истакнати забрани за носење на оружје во одредени простори или простории (член 29 став 1),

15) кога физичкото лице носи оружје под влијание на алкохол, опојни дроги или други опојни средства односно во таква состојба што не е во можност да го разбере значењето на своето постапување односно да владее со својата волја (член 29 став 2),

16) чуварите кои надвор од времето во кое вршат работа на приватна заштита носат огнено оружје кое го носат при вршење на тие работи (член 29 став 3),

17) доколку оружјето и муницијата не ги чува во согласност со одредбите од член 30 на овој Закон,

18) доколку оружјето кое го поседува врз основа на оружен лист за поседување на оружје го носи спротивно на одредбата од член 30 став 3 на овој Закон,

19) доколку не го предаде своето оружје и муниција кога го напушта местото на живеалиште или престојувалиште (член 31 став 1),

20) доколку употребува оружје спротивно на одредбите од член 32 став 2, 3, 4 и 5 на овој Закон,

21) доколку воздушното оружје или лакот и стрелата ги даде на користење на деца помлади од 11 години и надвор од спортски стрелишта или места одредени и уредени за вежби за гаѓање и без надзор на стручно лице (член 32 став 6),
22) доколку долго ловечко и долго спортско оружје надвор од ловиште, односно стрелиште не се пренесува во соодветни навлаки или ковчези ненаполнето, а кратко ловечко и кратко спортско оружје заклучено во навлаки или ковчези или ако во нив се наоѓа муниција (член 32 став 8),
23) доколку позајмува оружје спротивно на одредбите на член 34 став 1 на овој Закон,
24) доколку позајмува оружје на лице кое нема оружен лист или одобрение за набавување на оружје или одобрение за собирање на старинско оружје (член 34 став 2),
25) доколку позајмува воздушно оружје со тетива на малолетни лица (член 34 став 4),
26) доколку веднаш не пријави губење или кражба на оружје (член 35 став 1),
27) доколку не го пријави оружјето при преминување на државната граница на граничната полиција (член 54 став 18),
28) доколку произведува муниција спротивно на одредбите на член 66 став 3 на овој Закон.
За прекршоците од став 1, освен прекршоците од точките 1), 9) и 10) на овој Закон, се изрекува и заштитна мерка одземање на оружје и муниција.

Член 93

Со парична казна/глоба од 1.000,00 до 10.000,00 куни ќе се казни са прекршок физичко лице:
1) доколку во пропишаниот рок не пријави оружје од Ц категорија (член 25 став 2),
2) доколку носи оружје без исправа за оружје (член 26),
3) доколку во пропишаниот рок не го одјави оружјето (член 27 став 4),
4) доколку во пропишаниот рок не извести за предавање на оружјето и муницијата на чување (член 31 став 2),
5) доколку не го одржува оружјето во исправна состојба или неправилно и невнимателно ракува со него (член 32 став 1),
6) доколку оружјето и муницијата на спортска стрелачка организација го носи без потврда на таа организација (член 33 став 3),
7) доколку во пропишаниот рок не ја пријави промената на личното име или престојувалиште (член 37),
8) доколку веднаш по сознанието не го извести надлежниот орган заради предавање на оружјето по смрт на сопственикот на оружјето (член 38 став 1),
9) доколку не води евиденција од член 90 став 4 на овој Закон.
За прекршок од став 1 точки 1) и 5) на овој член се изрекува и заштитна мерка одземање на оружје.

Член 94

Со парична казна/глоба од 5.000,00 до 15.000,00 куни ќе се казни са прекршок занаетчија:

1) доколку набавува или поседува оружје или муниција забрането со овој Закон (член 25 став 2),
2) доколку без одобрение набавува и поседува оружје за чие набавување е потребно одобрение (член 10),
3) доколку продава муниција за правно лице кое нема одобрение за набавување на муниција (член 23 став 1),
4) овластен трговец на оружје кој ги продава или предава оружјето и муницијата на лице кое според одредбите ан овој Закон не може да ги поседува (член 27 став 1),
5) доколку во пропишаниот рок не извести за продажба на оружјето и муницијата (член 27 став 2,
6) доколку оружјето со обврска за пријавување го дава на користење на малолетно лице или надвор од спортски стрелишта или места одредени за вежби за гаѓање и без надзор на стручно лице (член 32 став 6),
7) доколку во пропишаниот рок не пријави промена на називот или седиштето (член 37),
8) доколку превезе повеќе од 500 парчиња муниција без одобрение (член 57),
9) доколку пушта во промет произведено оружје кое пред да се пушти во промет не е жигосано или обележено во согласност со прописите за тестирање, жигосување и обележување на рачно огнено оружје (член 71 став 1),
10) доколку неовластено се занимава со промет на оружје и муниција (член 72 став 1),
11) доколку започне со промет на оружје и муниција пред комисијата да утврди услови за почеток на работата (член 72 став 2),
12) доколку довери непосредно ракување со оружје и муниција во промет на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 72 став 2),
13) доколку неовластено поправа и преправа оружје (член 73 став 1),
14) доколку започне со дејност поправање и преправање оружје пред комисијата да утврди постоење услови за почеток на работата (член 73 став 2),
15) доколку довери непосредно ракување со оружје при поправање и преправање оружје на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 73 став 2),
16) доколку преправеното оружје не го предава на тестирање и жигосување (член 74 став 1),
17) доколку прима на поправка или преправање нерегистрирано оружје (член 74 став 2),
18) доколку во пропишаниот рок не извести за преправање на оружјето (член 74 став 3),
19) доколку оружјето што е примено заради поправање или преправање се изнесува од просториите одредени за работа до неговото предавање на сопственикот (член 75 став 1),
20) доколку превезува оружје без одобрение или спротивно на налозите одредени во одобрението (член 76 и член 77 став 2),
21) доколку неовластено отвори цивилно стрелиште (член 79 став 1),
22) доколку отвори цивилно стрелиште пред да се утврди исполнување на условите за почеток на работата (член 79 став 2),

23) доколку довери непосредно ракување со оружје или муниција на цивилно стрелиште на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 79 став 2),
24) доколку допушти гаѓање на цивилно стрелиште на физичко лице кое не е овластено да поседува оружје (член 80 став 1),
25) доколку допушти гаѓање од малолетник спротивно на одредбата од член 80 став 2 на овој Закон,
26) увозник кој не постапува во согласност со одредбите од член 84 на овој Закон,
27) доколку не води евиденција од член 90 став 3 на овој Закон,
28) доколку постапува спротивно на одредбата од член 90 став 5 на овој Закон.
За прекршок од став 1 точки 1), 2), 4), 5), 6), 8), 9), 10), 11), 13), 14), 16), 17), 20), 21), 22), 23), 24), 25), и 26) на овој член се изрекува и заштитна мерка одземање на оружје и муниција.

Член 95

Со парична казна/глоба од 20.000,00 до 200.000,00 куни ќе се казни са прекршок правно лице:
1) доколку без одобрение набавува и поседува оружје за чие набавување е потребно одобрение (член 10),
2) доколку набавува муниција без одобрение од надлежно тело (член 23 став 1),
3) доколку продава муниција на правно лице кое нема одобрение за набавување на муниција (член 23 став 1),
4) овластен трговец со оружје кој продава или предава оружје на лице кое според одредбите на овој Закон не може да го поседува (член 27 став 2),
5) доколку во пропишаниот рок не извести за продажба на оружјето и муницијата (член 27 став 2),
6) доколку оружјето со обврска за пријавување го дава на користење на малолетно лице или надвор од спортски стрелишта или места одредени за вежби за гаѓање и без надзор на стручно лица (член 32 став 6),
7) доколку оружјето го дава на користење спротивно на одредбата од член 33 став 1 на овој Закон,
8) доколку во пропишаниот рок не пријави промена на називот или седиштето (член 37),
9) доколку неовластено произведува оружје (член 66 став 1),
10) доколку започне со производство на оружје пред првенствено да се утврди постоење услови за почеток на работата (член 69 став 1),
11) доколку довери непосредно ракување со оружје во производство на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 70 став 1),
12) доколку просториите во кои се сместува произведеното оружје не ги осигурува од пристап на неовластени лица (член 70 став 1),
13) доколку пушти во промет произведено оружје кое пред пуштање во промет не е жигосано или обележено во согласност со прописите за тестирање, жигосување и обележување на рачно огнено оружје (член 71 став 1),
14) производителот на оружје кој не постапува во согласност со одредбите од член 71 став 2 на овој Закон,

15) доколку неовластено се занимава со промет на оружје и муниција (член 72 став 1),
16) доколку започне со промет на оружје и муниција пред комисијата да утврди постоење услови за почеток на работата (член 72 став 2),
17) доколку довери непосредно ракување со оружје и муниција во промет на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 72 став 2),
18) доколку неовластено поправа и преправа оружје (член 73 став 1),
19) доколку започне со дејност поправање и преправање оружје пред комисијата да утврди постоење услови за почеток на работата (член 73 став 2),
20) доколку довери непосредно ракување со оружје при поправање и преправање оружје на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 73 став 2),
21) доколку преправеното оружје не го предаде на тестирање и жигосување (член 74 став 1),
22) доколку прими за поправање или преправање нерегистрирано оружје (член 74 став 2),
23) доколку во пропишаниот рок не извести за преправање на оружјето (член 74 став 3),
24) доколку оружјето што е примено заради поправање или преправање се изнесува од просториите одредени за работа до неговото предавање на сопственикот (член 75 став 1),
25) доколку превезува оружје без одобрение или спротивно на налозите одредени во одобрението (член 76 став 2),
26) доколку неовластени отвори цивилно стрелиште (член 79 став 1),
27) доколку отвори цивилно стрелиште пред да се утврди исполнување на условите за почеток на работа (член 79 став 2),
28) доколку довери непосредно ракување со оружје или муниција на цивилно стрелиште на лице кое не поседува дозвола за непосредно ракување со огнено оружје (член 89 став 2),
29) доколку допушти гаѓање на цивилно стрелиште на физичко лице кое не е овластено за поседува оружје (член 80 став 1),
30) доколку допушти гаѓање од малолетник спротивно на одредбата на член 80 став 2 на овој Закон.
31) увозник кој не постапува во согласност со одредбата на член 84 на овој Закон,
32) спортски стрелачки организации, ловечки организации и други правни лица кои не водат евиденција од член 90 став 1 на овој Закон,
33) доколку не води евиденција од член 90 став 2, 3 и 4 на овој Закон,
34) доколку постапува спротивно на одредбите од член 90 став 5 на овој Закон;
35) правно лице кое чува оружје на ловци – странски државјани,
За прекршок од став 1 точки 1), 4), 5), 6), 7), 9), 10), 12), 13), 14), 15), 16), 18), 19), 21), 22), 25), 26), 27), 30), 31) и 33) на овој член се изрекува и заштитна мерка одземање на оружје и муниција.
За прекршок од став 1 точка 2 на овој член со парична казна од 5.000,00 до 15.000,00 куни ќе се казни и одговорното лице во правното лице.
За прекршоците од став 1 на овој член, со паричната казна може да се изрече и заштитна мерка забрана за вршење дејност производство, промет, поправање и преправање оружје или водење цивилно стрелиште.

Член 96

За прекршоци од член 91 и член 92 став 1, освен прекршоците од точките 1), 9) и 10), член 93 став 1 точки 2), 3), 4), 6), 8) и 9), член 94 став1 точки 7), 12), 15), 18), 19), 27), 28) и член 95 став1 точки 3), 8), 11), 17), 20), 23), 24), 28), 29), 32), 34) и 35) на овој Закон, оружје и муниција ќе се одземат и во случај прекршочната постапка да се заврши со решение со кое обвинетиот не се прогласува виновен ако тоа го бараат интересите на јавна или општа безбедност.

Судијата за прекршоци кај кој е решена постапката донесува посебно решение за одземање на оружјето и муницијата од став 1 на овој член.

По конечноста на постапките спроведени според одредбите на членовите 91, 92, 93, 94 и 95 на овој Закон, одземеното оружје и муниција се предаваат на Министерството за внатрешни работи.

## XVIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 97

Граѓани кои недозволено поседуваат оружје од А, Б и Ц категории се должни поседувањето такво оружје да го пријават во најблиската полициска управа или полициска станица заради предавање или онеспособување.

Надлежниот орган ќе ги преземе оружјето и муницијата од став 1 на овој член на местото на кое се наоѓа. За преземеното оружје и муниција од став 2 на овој член надлежниот орган ќе му издаде на граѓанинот потврда.

Доколку граѓанинот сака да го онеспособи оружјето од став 1 на овој член, должен е да поднесе до надлежниот орган барање за онеспособување на оружјето во рок од осум дена од денот на предавање на оружјето.

Трошоците за онеспособување на оружјето се на товар на подносителот на барањето.

Доколку граѓаните постапуваат во согласност со став 1 на овој член, а пред преземањето истражни дејствија на полицијата во согласност со Законот за прекршоци и започнување истрага за кривичните дела како и итни истражни дејствија во согласност со Законот за кривична постапка, односно почеток на примена на полициските овластувања утврдени со Законот за полиција, нема да се покренува прекршочна или кривична постапка.

Член 98

Граѓани кои без оружен лист поседуваат оружје кое според одредбите на овој Закон може да се поседува само врз основа на исправа за оружје, се должни неговото поседување да го пријават на надлежен орган заради регистрирање во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој Закон.

Доколку граѓаните постапуваат во согласност со став 1 на овој член, а пред преземање истражни дејствија во согласност со Законот за прекршоци и започнување истрага за

кривични дела како и итни истражни дејствија во согласност со Законот за кривична постапка, односно почеток на примена на полициските овластувања утврдени со Законот за полиција, нема да се покренува прекршочна или кривична постапка.

Член 99

Надлежниот орган може, на граѓанин кој пријавува поседување на оружје од член 98 став 1 на овој Закон да му издаде оружен лист без утврдување на потеклото на оружје, доколку ги исполнува општите и посебните услови од член 10 на овој Закон и условите од член 85 став 1 на овој Закон.
Доколку граѓанинот не ги исполнува условите од став 1 на овој член, оружјето ќе се одземе и ќе се постапува во согласност со одредбите на член 50 и 51 на овој Закон.
Ако пријавеното оружје е веќе регистрирано на име на некое друго лице, со посебно решение може да се довери на чување на граѓанин од став 1 на овој член доколку тоа лице ги исполнува општите и посебните услови од член 10 на овој Закон. Ако граѓанинот не ги исполнува овие услови, оружјето ќе се одземе без право на надомест.
Против лицето на чие име е регистрирано оружјето од став 3 на овој член надлежниот орган ќе покрене прекршочна постапка во која ќе се одлучи за располагање со оружјето.
Надлежниот орган може на име на граѓанинот кому му е оружјето доверено на чување да му издаде оружен лист за поседување или поседување и носење на оружје доколку ги исполнува општите и посебните услови од член 10 на овој Закон и доколку на лицето на чие име е регистрирано оружјето со правосилна одлука од став 4 на овој член му е изречена заштитна мерка одземање оружје и муниција.
Доколку во постапката од став 4 на овој член не е одредена заштитна мерка одземање оружје и муниција, граѓанинот кому му е доверено оружјето на чување е должен оружјето да го предаде на надлежниот орган врз основа на писмена покана во рок од 60 дена од денот на правосилноста на одлуката од став 4 на овој член. За предаденото оружје не му припаѓа право на надомест.

Член 100

Физички лица кои поседуваат оружје кое според одредбите на овој Закон смее да се поседува без одобрение се должни таквото оружје да го пријават на надлежниот орган во рок од една година од денот на влегување во сила на овој Закон.

Член 101

Физички лица на кои им е издаден оружен лист за поседување на оружје како спомен, се должни во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој Закон:
1) да го продадат оружјето или
2) да поднесат барање за издавање оружен лист за поседување или оружен лист за поседување и носење на оружје или
3) да го онеспособат оружје и да го задржат или
4) да го предадат оружјето во корист на Република Хрватска без надомест.

Член 102

Физички лица на кои им е издаден оружен лист за поседување на оружје како спомен за оружје од А категорија кое го стекнале како воен плен, се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој Закон да му достават на надлежниот орган потврда од трговско друштво кое има одобрение од Министерството за внатрешни работи за вршење дејност поправање и преправање оружје од која се гледа дека оружјето е трајно онеспособено за употреба.

Член 103

Физички лица на кои им е издаден оружен лист за поседување оружје на сокорисник или поседување и носење на оружје на сокорисник, се должни во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој Закон да ги предадат наведените исправи на надлежниот орган.

Член 104

Со парична казна/глоба од 5.000,00 до 15.000,00 куни ќе се казни за прекршок физичко лице:

1) доколку во рокот пропишан со овој Закон не го пријави оружјето од Ц категорија (Член 100),

2) доколку во рокот пропишан со овој Закон не постапи во согласност со одредбата од член 101 на овој Закон,

3) доколку во рокот пропишан со овој Закон не постапи во согласност со одредбата од член 102 на овој Закон.

За прекршоците од став 1 на овој член се изрекува и заштитна мерка одземање оружје и муниција, По правосилноста на постапките од став 1 на овој член одземеното оружје и муниција се предаваат на Министерството за внатрешни работи.

Член 105

Со парична казна/глоба од 500,00 до 2.000,00 куни ќе се казни за прекршок физичко лице доколку во рокот пропишан со овој Закон не му предаде на надлежниот орган оружен лист за поседување на оружје на сокорисник или поседување и носење на оружје на сокорисник (член 103).

Член 106

Управните и прекршочните постапки започнати пред влегување во сила на овој Закон ќе се довршат според Законот за оружје („Службен весник“ бр. 69/92, 26/93, 43/93, 29/94, 108/95, 20/97, 27/99, 12/01 и 19/02).

Член 107

Министерот за внатрешни работи ќе ги пропишува:

1) содржината, изгледот и цената на исправите за оружје како и содржината, изгледот и начинот на водење евиденција како и роковите за чување податоци во евиденциите кои ги води надлежниот орган, Министерството за внатрешни работи и правни и физички лица,
2) содржината, изгледот и цената на одобрението за поседување и носење ловечко и спортско оружје за време на престојот во Република Хрватска и одобрението за пренесување оружје и муниција преку подрачјето на Република Хрватска,
3) содржината, изгледот и цената на барањето за издавање одобрение за набавување на оружје и одобрението за регистрирање на оружјето,
4) постапката и начинот на онеспособување огнено оружје,
5) програмата и начинот на спроведување оспособување на граѓаните за правилна употреба на огнено оружје
6) начинот на располагање со оружје и муниција одземени во управна, прекршочна и кривична постапка,
7) начинот на постапување на полициските службеници при барање и собирање известувања од граѓани за потребите на постапките што се водат во согласност со овој Закон;
8) видовите и дозволените калибри на оружје за самоодбрана,
9) начинот на работа на комисијата на Министерството за внатрешни работи која одлучува за оружјето одземено во правосилно завршена управна, прекршочна и кривична постапка и за предаденото оружје како и за начинот на постапување со тоа оружје,
10) постапката и начинот на евидентирање на механичката трага на оружјето, како и начинот, постапката и роковите во кои правните и физичките лица се должни да го доставаат оружјето на Министерството за внатрешни работи заради земање механичка трага од оружјето,
11) составот и делокругот на работа на комисијата од член 69 на овој Закон,
Во согласност со Министерот надлежен за работите на градежништво и заштита на животната средина, Министерот за внатрешни работи ќе пропишува посебни услови кои мора да ги исполнуваат правните лица на кои им е издадено одобрение за набавување на оружје, работни простории за производство, промет со оружје и муниција, поправање  преправање оружје, водење цивилни стрелишта како и заштита од пожар, кражба и други злоупотреби и незгоди.
Во согласност со Министерот за внатрешни работи, министерот надлежен за работи на здравството ќе ги пропишува начинот  постапката на кои лекарот од член 11 став 6 на овој Закон ќе го известува надлежниот орган за промена на здравствената состојба на сопственикот на оружјето која влијае на способноста за поседување и носење на оружје.
Во согласност со органите надлежни за нормирање и метрологија, Министерот за внатрешни работи ќе ги пропишува:
1) постапката за испитување и жигосување на огнено оружје како и кои главни делови на огненото оружје подлежат на задолжително испитување и жигосување после преправање,
2) жиговите и знаците за жигосување, формата и содржината на потврдите и налепниците.
Министерот надлежен за работите на здравство ќе ги пропишува:

1) условите кои мора да ги исполнуваат здравствените установи, трговските друштва кои вршат дејност медицина на труд и специјалистите за медицина на труд во приватна пракса за вршење здравствени прегледи заради утврдување на здравствената способност за поседување и носење на оружје и надзор над нивната работа,
2) начинот и постапката на вршење здравствени прегледи, попис на болестите и здравствените состојби кои го прават лицето неспособно за поседување и носење на оружје,
3) начинот на водење евиденција и медицинска документација и содржината на уверението за извршен здравствен преглед,
4) надлежноста, составот и начинот на работа на второстепената здравствена комисија како и постапување со жалби,
5) надоместоците поврзани со утврдување на здравствената способност,
6) здравствените установи, трговските друштва кои вршат дејност медицина на труд и специјалистите за медицина на труд во приватна пракса кои смеат да вршат здравствени прегледи,
Прописите за извршување на овој Закон ќе ги носат министрите и раководителот на органот надлежен за работите на нормирање и метрологија кои со овој Закон се овластени за нивно донесување во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој Закон.

Член 108

Здравствените установи, трговските друштва кои вршат дејност медицина на труд и специјалистите за медицина на труд во приватна пракса кои се овластени да вршат здравствени прегледи за поседување или поседување и носење на оружје се должни да ги усогласат организацијата и дејноста во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој Закон.
Здравствените установи, трговските друштва кои вршат дејност медицина на труд и специјалистите за медицина на труд во приватна пракса кои вршат здравствени прегледи за поседување или поседување и носење на оружје кои нема да ги усогласат организацијата и дејноста во рокот од став 1. на овој член, престануваат со работа на здравствени прегледи за поседување и носење на оружје по истекот на тој рок.

Член 109

До донесување на прописите за извршување на Законот за оружје ќе се применуваат Правилникот за обрасци за исправи како и обрасците за начинот на водење евиденции за оружје и муниција („Службен весник“ бр. 118/99, 45/01, 17/02, 148/02, 29/03 и 173/03), Правилникот за посебни услови што мора да ги исполнуваат работните простории за производство на оружје, промет со оружје и муниција, поправање и преправање оружје, водење цивилни стрелишта како и заштита од пожар, кражба и други незгоди и злоупотреби („Службен весник“ бр. 8/93), Правилникот за програма и начин на спроведување оспособување за поседување и носење и правилна употреба на огнено оружје („Службен весник“ бр. 8/93) и Правилникот за здравствени прегледи за

утврдување здравствената способност за поседување или поседување и носење на оружје („Службен весник“ бр. 79/92).

Член 110

На денот на влегувањето во сила на овој Закон престануваат да важат одредбите од членовите 36, 37, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 45, 46, и 47 од Законот за надзор на државната граница („Службен весник“ бр. 9/92, 26/93, 92/94).

Член 111

На денот на влегувањето во сила на овој Закон престанува да важи Законот за оружје („Службен весник“, бр. 69/92, 26/93, 297/94, 108/95, 20/97, 12/01, и 19/02).

Член 112

Овој Закон влегува во сила на 1 септември 2007 година, освен одредбите од членовите 23, 62, 63, 64, и 65 на овој Закон кои влегуваат во сила на денот на приемот на Република Хрватска во полноправно членство на Европската Унија и одредбите од членовите 82, 83, 84, 85 и 86 на овој Закон кои влегуваат во сила на 1 јануари 2008 година.

Класа:213-02/06-01/01
Загреб, 1 јуни 2007 година

ХРВАТСКИ ПАРЛАМЕНТ
Претседател
на Хрватскиот парламент
**Владимир Шекс, с.р.**